Врз основа на член 103, точка 8, во врска со член 97, став 3 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 173 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**за избор на ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**за мандатниот период 15 септември 2020 – 15 септември 2023 година**

1. Услови за избор на ректор:
- да е државјанин на Република Северна Македонија;
- да е од редот на редовните професори.
2. Огласот трае 5 (пет) работни дена сметано од наредниот ден по објавувањето во дневните весници и на веб-страницата на Универзитетот.
3. Кандидатот кој се пријавува на јавниот оглас, до Универзитетската изборна комисија треба да достави:
- пријава;
- програма за работа;
- биографски и библиографски податоци;
- одлука за избор во звањето редовен професор;
- уверение за државјанство;
- е-адреса;
- телефон за контакт.
4. Документацијата се поднесува:
- во оригинал или заверена копија со предавање во архивата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на адреса: бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, Скопје, секој работен ден од 8:00 до 16:00 часот, до Универзитетската изборна комисија со назнака: „за јавниот оглас за избор на ректор“, **како и**
- во електронска форма до 24:00 часот на последниот ден, на следнава е-адреса: uik@ukim.edu.mk. Доколку кандидатот има електронски потпис издаден од овластени издавачи на електронски потписи во РСМ (КИБС или Македонски телеком), документите ги потпишува со него, во спротивно поднесува скенирани документи потпишани со неговиот своерачен потпис.

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**